# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 1 | Петок, 14 февруари 2006 год. |
|---|---|


### С о д р ж и н а


Стр.

**Совет на општина Струмица:**

1. **Одлука** за реконструкција и надградба на Градски пазар – Струмица …………………………….. 2
2. **Одлука** за определување места за вршење на трговија на стоки во киосци, автомати и продажба од подвижни улични продавачи ………… 3
3. **Одлука** за определување места – локации и работно време за вршење трговски дејности од мал обем ………. 4

Стр.

4. **Решение** за разрешување и именување членови во Управниот одбор на ЈОУ Детски градинки “Детска радост” Струмица …………… 5
5. **Решение** за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ “Маршал Тито” Муртино …………………………………. 6
6. **Решение** за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ “Даме Груев” Куклиш .. 6

**Градоначалник на општина Струмица:**

7. **Правилник** за начинот и постапката за вршење набавка од мала вредност 6


---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за реконструкција и надградба на Градски пазар во Струмица

1. Се објавува Одлуката за реконструкција и надградба на Градски пазар во Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 08.02.2006 година.

Број 08-862/2 Градоначалник
10.02.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.........................

**1.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 21 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 08.02.2006 година, донесе

**О д л у к а**
**за реконструкција и надградба на Градски пазар во Струмица**

1. Се усвојува идејниот проект за реконструкција и надградба на Градски пазар – Струмица.

2. Постапката за реконструкција и надградбата на Градскиот пазар во име на ЈПКД “Комуналец” Струмица ќе ја спроведе Општина Струмица како организатор.

3. Начинот и постапката на решавањето на имотно - правните односи да ги спроведе Општина Струмица, а по избор на инвеститорот заедно со Општина Струмица.

4. Начинот и постапката на избор на соинвеститор за реконструкција и надградбата на Градскиот пазар-Струмица, како и изготвувач на основен проект за изградба ќе се избере по пат на јавен тендер, кој ке го распише Општина Струмица во функција на организатор.

5. До завршувањето на реконструкцијата и надградбата на Градски пазар – Струмица, пазарот ќе биде времено дислоциран на следните локации

- Позади Авто – Мото Друштвото “Стрела, во пазарот т.н. “Чешел”,
- На пазарот т.н. “Кантон”.

Се одобрува и нова локација доколку се укаже потреба во градски парк во близина на спортската сала “Парк”.

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Струмица”.

Број 07-862/1 Совет на општина Струмица
09.02.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

..................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
За објавување на Одлуката за определување на места - за вршење на трговија на стоки во киосци, автомати и продажба од подвижни улични продавачи

1. Се објавува Одлуката за определување на места за вршење на трговија на стоки во киосци, автомати и продажба од подвижни улични продавачи, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 08.02.2006 година.

Број 08-863/2 Градоначалник
10.02.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...............................

**2.**

Врз основа на член 16 од Законот за трговија (“Сл. весник на РМ” број 16/04) и член 21 став 1 точка 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Советот на

општина Струмица на седницата одржана на 08.02.2006 година, донесе

**О д л у к а**
**за определување на места за вршење на трговија на стоки во кисоци, автомати и продажба од подвижни улични продавачи**

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат места на кои може да се врши трговија на стоки во киосци, автомати и продажба од подвижни улични продавачи.

Член 2

Трговија на стоки во киосци, автомати и продажба од подвижни улични продавачи може да се врши:

Во град Струмица на:

- бул. "Маршал Тито:;
- ул. "Ленинова";
- ул. "Благој Мучето";
- ул. 'Младинска";
- ул. "Маршал Тито";
- ул. "Климент Охридски";
- ул. "Први Мај";
- ул. "Дебарска";
- ул. "Моша Пијаде";
- ул. "Ванчо Китанов";
- ул. "Бетовенова";
- ул. "Јосиф Јосифовски Свештарот";
- ул. "5 Ноември";
- ул. "Браќа Миладинови";
- ул. "Жртви на фашизмот";
- ул. "Јанко Цветинов";
- ул. "Братство Единство"; и
- ул. "Панче Пешев".
- во центрите на населените места од Општината.

Член 3

Трговија на стоки на местата определени во член 2 на оваа Одлука можат да вршат правните и физичките лица кои се регистрирани за вршење на таква дејност под услови пропишани со Законот и друг пропис.

Член 4

Просторот за поставување на објекти и апарати за вршење на трговија на стока на начините утврдени во член 1 на оваа Одлука на местата од член 2 на оваа Одлука го определуваат Одделението за урбанизам и Одделението за комунални работи.

Органите од претходниот став изработуваат скица во која ги определуваат просторите и нивната големина.

При определување на просторот да не се нарушат амбиенталните вредности на непосредната околина.

Член 5

Правните и физичките лица за користење на простор за вршење на трговија на стоки поднесуваат барање до Одделението за комунални работи.

За користење на определениот простор на правните и физичките лица им се издава одобрение.

Член 6

Органите од член 4 на оваа Одлука просториите за вршење трговија на стоки ќе ги определат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Број 07-863/1 Совет на општина Струмица
09.02.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за определување на места - локации и работното време за вршење на трговска дејност од мал обем

1. Се објавува Одлуката за определување на места – локации и работното време за вршење на трговска

дејност од мал обем, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 08.02.2006 година.

Број 08-864/2 Градоначалник
10.02.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..........................

**3.**

Врз основа на член 9 став 2 и член 12 од Уредбата за трговските дејности од мал обем и начинот на нивната регистрација ("Сл. весник на РМ" број 64/05) и член 21 став 1 точка 39 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 08.02.2006 година, донесе

**О д л у к а**
**за определување места – локации и работното време за вршење на трговски дејности од мал обем**

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат – места - локации за вршење на трговски дејности од мал обем, начинот на користење на местата и работното време за вршење на дејностите.

Член 2

Трговија на мало со овошје, и зеленчук, мед, бижутерија и галантерија, позамантерија, метли и производи од трска, украсни птици, грнчарски производи, сувенири, уметнички слики и предмети покрај на пазарот како организирано продажно место, можат да се вршат и на:

- слободни места покрај станбените блокови (дворните места на станбените блокови може да се користат само во согласност на станарите); и
- земјиште во приватна сопственост.

Трговија на мало со бижутерија, галантерија, позамантерија и сувенири може да се врши на Бул. "Маршал Тито".

Трговија на мало на уметнички слики и предмети и сувенири може да се врши на:

- ул. "Благој Мучето" од новата стоковна куќа до паркот.

Трговија на мало на уметнички слики и предмети и грнчарски производи може да се врши на:

- раскрсницата на бул. "Маршал Тито" и ул. "Ленинова";
- во центарот на сите населени места од Општината.

Член 3

Продажба на печени и варени костени, конфекциониран сладолед, печени и варени пченки, семки, кикирики, леблебија, лешници и бадеми, покрај на пазарот и во движење може да се врши и на следните места – локации:

- ул. "Благој Мучето" од нова стоковна куќа до паркот;
- ул. "Јосиф Јосифовски Свештарот";
- пред спортската сала "Парк";
- пред фудбалскиот стадион;
- на автобуска станица;
- во центарот на сите населени места.

Член 4

На места предвидени во член 2 и 3 за вршење трговија на мало, вршителите можат да поставaт само подвижни тезги и истите по истекот на работното време утврдено со оваа Одлука се должни да ги отстранат.

Член 5

Местата – локациите можат да изнесуваат до 6 $м^2$ и истите ќе ги одбележат Одделението за урбанизам и Одделението за комунални работи.

Член 6

При определување на местата – локациите за вршење на трговски дејности од мал обем не треба да се загрозува сообраќајот и слободното движење на сообраќајот.

Член 7

Лицата кои вршат трговски дејности од мал обем се должни да обезбедат заштита на животната средина.

Отпадот настанат од вршење на дејности, вршителите се должни да го изнесуваат во најблискиот контејнер и локацијата да ја оставaт чиста.

Член 8

Дејноста од член 2 на оваа Одлука на определените места можат да се вршат од 8,00 до 20,00 часот .

Дејностите од член 3 на оваа Одлука на определените места можат да се вршат од 17,00 до 24,00 часот, а во периодот од 1 мај до 30 септември од 09,00 до 01,00 часот.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-864/1 Совет на општина Струмица
09.02.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

..................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за разрешување и именување претставници од Општина Струмица во Управниот одбор на ЈОУ Детски градинки “Детска радост” Струмица

1. Се објавува Решението за разрешување и именување на претставници од Општина Струмица во Управниот одбор на ЈОУ Детски градински “Детска радост” Струмица, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 08.02.2006 година.

Број 08-865/2 Градоначалник
10.02.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...................

**4.**

Врз основа на член 50 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата (“Сл. весник на РМ” број 65/04) и член 21 став 1 точка 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 08.02.2006 година, донесе

**Р е ш е н и е**
**за разрешување и именување на претставници на Општина Струмица во Управниот одбор на ЈОУ Детски градинки “Детска радост” Струмица**

1. Од Управниот одбор на ЈОУ Детски градинки “Детска Радост” Струмица поради истек на мандатот се разрешува претставникот од општина Струмица
   - Јован Рендевски
2. За претставници од Општина Струмица во Управниот одбор на ЈОУ Детски градинки “Детска радост” Струмица се именуваат:
   - Сузана Младенова
   - Ванчо Димитровски и
   - Софија Макенџиева.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-865/1 Совет на општина Струмица
09.02.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

.......................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за разрешување и именување претставници на Општина Струмица во Училишниот одбор на ОУ “Маршал Тито” Муртино

1. Се објавува Решението за разрешување и именување на претставници на Општина Струмица во Училишниот одбор на ОУ “Маршал Тито” Муртино, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 08.02.2006 година.

Број 08-866/2 Градоначалник
10.02.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..........................

**5.**

Врз основа на член 57 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование (“Сл. весник на РМ” број 63/24) и член 21 став 1 точка 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Советот на општина Струмица на

седницата одржана на 08.02.2006 година, донесе

**Р е ш е н и е**
**за разрешување и именување на претставници на Општина Струмица во Училишниот одбор на ОУ “Маршал Тито” Муртино**

1. Од Училишниот одбор на ОУ “Маршал Тито” Муртино се разрешуваат:
- Славица Спасова
- Драги Мишев.

2. За претставници на Општина Струмица во Училишниот одбор на ОУ “Маршал Тито” Муртино се именуваат:
- Ѓорги Урдовски од с. Банско и
- Звонко Георгиев од с. Муртино.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-866/1 Совет на општина Струмица
09.02.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за разрешување и именување претставници на Општина Струмица во Училишниот одбор на ОУ “Даме Груев” Куклиш

1. Се објавува Решението за разрешување и именување на претставници на Општина Струмица во Училишниот одбор на ОУ “Даме Груев” Куклиш, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 08.02.2006 година.

Број 08-867/2 Градоначалник
10.02.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...............

**6.**

Врз основа на член 57 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование (“Сл. весник на РМ” број 63/24 и член 21 став 1 точка 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 08.02.2006 година, донесе

**Р е ш е н и е**
**за разрешување и именување на претставници на Општина Струмица во Училишниот одбор на ОУ “Даме Груев” Куклиш**

1. Од Училишниот одбор на ОУ “Даме Груев” Куклиш се разрешуваат:
- Анета Божинова и
- Драги Црнгаров.

2. За претставници на Општина Струмица во Училишниот одбор на ОУ “Даме Груев” Куклиш, се именуваат:
- Игор Милушев од с. Куклиш и
- Ване Крстев од с. Куклиш.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-867/1 Совет на општина Струмица
09.02.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с. р.

.................

**7.**

Врз основа на член 72 од Законот за јавни набавки (“Сл. весник на РМ” бр. 19/2004 год.), Градоначалникот на општина Струмица донесе

**П р а в и л н и к**
**за начинот и постапката за вршење набавка од мала вредност**

Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот и постапката за вршење на набавка за купување на одделни видови или групи на стоки, услуги и работи во висина до 3.000 евра, во денарска противредност и тоа еднаш во годината (во

понатамошниот текст: набавка од мала вредност).

Член 2

Набавката од мала вредност во смисла на член 1 од овој Правилник на годишно ниво се однесува на:

1. набавка на ситен инвентар
2. набавка на опрема
3. набавка на резервни делови
4. поправка и сервисирање на опрема
5. набавка на средства за хигиена
6. набавка на договорни услуги
7. поправка и сервисирање на компјутерска опрема
8. изведба на договорни работи

Член 3

Набавката од мала вредност од член 1 на овој Правилник, може да се врши од средства од Буџетот на општина Струмица и донации.

Член 4

Набавката од мали вредности ја вршат раководителите на секторите.

Член 5

Набавката од мала вредност се врши во координација со Комисијата за јавни набавки.

Член 6

Раководителите на секторите потребата од јавна набавка од мала вредност во писмена форма ја доставуваат до Градоначалникот кој донесува решение за набавка

Член 7

За набавката од член 1 на овој Правилник треба да се води посебна евиденција, соодветна на евиденцијата за другите јавни набавки.

Член 8

Набавката од мала вредност се врши со упатување на покани за доставување на понуди во писмена форма до понудувачите со писмо, телеграма, телефакс, телефон или е-мајл.

Доколку се достави покана за доставување на понуди преку телеграма, телефакс, телефон или е-мајл тие треба да се потврдат со писмо пред истекот на доставување на понудите.

Член 9

Крајниот рок за доставување на понуди е 10 ( десет) дена од доставувањето на поканата за доставување на понудите до понудувачот од страна на набавувачот.

Член 10

Поканата за доставување на понудите се доставува до најмалку 3 (три) понудувачи.

Поканата за доставување на понуди треба да содржи:

- предмет на набавката и карактеристики на набавката;
- адреса на понудувачот;
- името на лицето од кое ќе се барат информации во врска со предметот на набавката;
- краен датум за доставување на понудите за набавка и
- критериуми за набавката: цена, квалитет, начин на плаќање, начин и рок на испорака.

Член 11

Понудата потпишана од понудувачот се доставува во затворен коверт до набавувачот.

Член 12

Раководителот на секторот врши проценка-евалуација на доставените понуди и врши селекција на понудите според критериумите утврдени во поканата за доставување на понуди

Изборот за најповолната понуда ја врши Градоначалникот на општина Струмица.

Член 13

По изборот на најповолната понуда, се известуват сите понудувачи за избраниот најповолен понудувач и избраниот понудувач во рок од три дена од изборот .

Член 14

По приемот на известувањето, понудувачите имат право на приговор до Градоначалникот во рок од три дена од приемот на известувањето.

Градоначалникот е должен во рок од три дена по приемот на приговорот да одлучи по истиот.

Член 15

Градоначалникот во рок од 3 (три) дена од конечноста на одлуката за избор на најповолен понудувач склучува договор со понудувачот.

Член 16

Градоначалникот е одговорен за извршување на договорот за набавка.

Член 17

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-628/1 Градоначалник на
01. 02. 2006 год. општина Струмица
Струмица Зоран Заев с.р.
……………..